# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ И ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**

**Февруари, 2021 година**

## Глобална солидарност, флексибилни услуги

**Вовед**

- 38.000.000 проценет број на луѓе кои живеат со ХИВ во 2019 година
- 1.700.000 луѓе биле ново заразени со ХИВ во 2019 година
- 690 000 луѓе починаа од причини поврзани со ХИВ во 2019 година
- 68 % од возрасните што живеат со ХИВ примале доживотна антиретровирусна терапија (АРТ) во 2019 година

Светот постигна значителен напредок од крајот на 90-тите години на минатиот век, но сеуште ХИВ останува главно глобално јавно здравствено прашање. Како и многу други големи здравствени проблеми, се соочуваме со дополнителни предизвици за време на пандемијата КОВИД-19, во периодот 2019/2020 г.

Службите за превенција, тестирање, лекување и нега на ХИВ се нарушени, особено во земјите со кревки системи на за зачувување на здравјето на луѓето. Намалувањето на основните услуги за ХИВ како резултат на КОВИД-19 претставува закана за животот. Секое забавување во обезбедување на овие услуги ќе остави многу ранливи популации под поголем ризик од ХИВ инфекција и смртни случаи поврзани со СИДА. Низ целиот свет, здравствените работници и претставниците на заедницата, прават се за да ги одржат услугите, усвојувајќи иновативни начини за надминување на нарушувањата во услугите предизвикани од КОВИД-19.

На 1 декември СЗО им се придружува на партнерите во оддавање почит на сите кои работат на обезбедување на услуги за ХИВ и во повикувањето на глобалните лидери и граѓани да се соберат на „глобална солидарност“ за одржување на основните услуги за ХИВ за време на КОВИД 19 и пошироко. Тоа претставува повик да се фокусираме на ранливите групи кои се веќе изложени на ризик, како и да се прошири прошири оипфатот на давање на услуги на деца и адолесценти.

Во 2020 годин кога се прославува Меѓународната година на медицинска сестра и акушерка, тоа е повик за поголема заштита и поддршка на овие здравствени работници, кои долго време се на фронтот на испорака на услуги за ХИВ. Сите можеме да придонесеме во напорите да се стави крај на сидата и да се направи светот поздраво место.

Половина од новодијагностицираните ХИВ-тестот го направиле во сервисите коишто нудат бесплатно и анонимно ХИВ-тестирање и советување – во невладините организации и во рамките на институциите. Останатите половина биле дијагностицирани во други здравствени установи или дошле од странство.

Во Клиниката за инфективни болести вкупно **306 пациенти се вклучени во системот на здравствена заштита** во врска со ХИВ, а **99%** (n=303) од нив **примаат антиретровирусна терапија**, што е исклучително висок процент. Само 3 лица сѐ уште не почнале да примаат терапија, поради тоа што во тек е спроведувањето на неопходни претходни анализи, средување на документи поврзани со здравственото осигурување, или по личен избор на пациентот.

**Кај 91% од пациентите вирусот е супримиран**, односно имаат т.н. недетектабилно ниво на вирус во крвта. Се очекува ова да се постигне кај сите пациенти што почнале со терапија. Тогаш имунитетот на пациентите може да ја врши својата функција и да се регенерира, а исто така, исклучена е и можноста за пренос на вирусот. Во текот на 2020 година починаа вкупно 6 пациенти, при што 4 лица биле доцна дијагностицирани, а 2 лица одбиле да се лекуваат.

На сите пациенти им се нуди стручна психосоцијална поддршка во врска со започнувањето на антиретровирусната терапија со цел да се осигури правилно и редовно земање на лековите и да се избегнат евентуални несакани ефекти.

Пациентите имаат постојана достапност на тимот кој дава медицинска и психосоцијална поддршка. Во услови на КОВИД-19 се остварува зачестена телефонска комуникација со пациентите, особено со оние кои неодамна се вклучиле во лекувањето.

**Програмски податоци за спроведувањето на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за 2020 година**

Оваа година, поради пандемијата со КОВИД-19, целата програма се спроведува во вонредна состојба којашто директно влијае во обемот на работата што ја спроведуваат организациите, но сепак се постигнати значајни резултати.
Платформата на граѓански организации ангажирани во имплементацијата на ХИВ програмата на почетокот на пандемијата подготви протокол за работа во време на вонредната состојба, кој е во согласност со насоките на Министерството за здравство, запазувајќи ги сите потребни заштитни мерки при нудење на услугите.

Истовремено дадени беа насоки опфатените клиенти од сите граѓански организации да бидат информирани за КОВИД-19 и мерките што треба да ги почитуваат со цел нивна лична заштита и заштита на нивните семејства и блиски.

Во периодот од 1 јануари до 31 Декември 2020 година со **основен пакет на услуги за превенција** опфатени се **9.768 лица од клучните популации засегнати од ХИВ**, и тоа:

**Графикон 1.** Опфатени лица од клучните популации во 2020 година.




Дополнително, во рамките на проширениот пакет на услуги преку Програмата дадени се и следните услуги:

- медицински услуги и информации: 26.471
- социјални услуги: 23.545
- психолошки услуги: 811
- правни услуги: 119
- Разни услуги дадени во дневен центар или на терен: 41.137

Меѓу сите клучни засегнати популации, дистрибуирани се вкупно 601,651 Игли, 406,866 Шприцеви, 262,262 кондоми, 105,177 лубриканти и 55,168 информативни и едукативни материјали.

**<u>Превенција на ХИВ помеѓу ЛИД (Лица кои Инјектираат Дроги)</u>**

• Во оваа програма основниот пакет на услуги според кој се бројат опфатените клиенти го сочинуваат: Сет од Игла и Шприц, Кондом, Лубрикант и ИЕК материјал. Во имплементација на програмата ангажирани се 9 организации, а се имплементира во 13 градови низ нашата држава: Скопје, Куманово, Велес, Кавадарци, Штип, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Кичево и Гостивар.

Исто така се даваат и медицински услуги, социјални услуги, правни, психолошки и разни други услуги во дневните центри како и на терен. Овие услуги спаѓаат во групата наречени Проширен пакет на услуги.

Во периодот од 1 Јануари до 31 Декември 2020 година преку програмата за намалување на штети остварени се:

- Опфатени вкупно **3.848** ЛИД што претставува **86%** остварување на индикаторот кој што е поставен на 4.500 ЛИД.
- Опфатени се **401** Нови ЛИД (вклучени во вкупната бројка) што е **73%** од поставениот таргет од 550 ЛИД.

- Поделени се вкупно: **600.358** Игли и **406.360** Шприцови ,**58.696** Кондоми, **29.431** Лубриканти и **24.149** ИЕК материјали.

Дополнително како дел од проширениот пакет на услуги членовите на оваа целна популација во периодот на известување ги добиле следните услуги:

- Медицински услуги и информации: 26.471, Социјални услуги: 14.683, Правни услуги: 110, Психолошки услуги:451, Услуги во дневен Центар: 27.171 и разни други услуги дадени на терен: 6.538.

Како што се забележува и од графиконот прикажан за опфатот на ЛИД во 2020 година во главном организациите ангажирани во имплементацијата на активностите насочени кон Лицата кои Инјектираат Droги и покрај потешкотиите кои настанаа со пандемијата бројките укажуваат дека на крајот сепак успеале да се приближат до индикаторот за опфат на клиенти. Единствено во Гостивар се забележува драстичен пад во опфатот на клиенти како и во поделениот материјал особено ако се споредува со нивниот минатогодошен програмски учинок. Оваа година за жал тие едвај стасаа до 46% остварување на овој главен индикатор.

**Графикон 2.** Вкупен број на опфатени ЛИД по организација.




| | НВО ИЗБОР - Гевгелија | НВО ИЗБОР - Струмица | НВО Опција - Охрид | НВО ХЕЛП - Гостивар | НВО ХОПС - Скопје | НВО ПУЛС - Куманово | НВО Младински Клуб - Штип | НВО ЗОНА - Кавадарци | НВО ВИА-ВИТА - Битола | НВО ЦК - Прилеп | НВО ЦК - Велес | НВО ЦК - Кичево |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Таргет | 246 | 575 | 515 | 690 | 677 | 387 | 202 | 172 | 362 | 262 | 225 | 188 |
| Остварување | 233 | 495 | 481 | 319 | 618 | 372 | 205 | 173 | 326 | 214 | 268 | 144 |

<u>**Превенција на ХИВ помеѓу СР (Сексуални Работници)**</u>

• Во програмата наменета за Сексуалните Работници основниот пакет на услуги според кој се бројат опфатените клиенти го сочинуваат: Кондом, Лубрикант и ИЕК материјал. Во имплементација на програмата ангажирани се 6 организации, а се имплементира во 8 градови низ нашата држава: Скопје, Струмица, Гевгелија, Битола, Охрид, Струга-теренски, Гостивар и Кичево-теренски. Еден од имплементаторите на оваа програма Стар-Стар од Скопје е организација сочинета од членови на самата целна популација и првенствено ја опфаќа затворената сцена на сексуалните работници во Скопје.

Исто така како дел од проширениот пакет на услуги се даваат и социјални услуги, правни, психолошки и разни други услуги до дневните центри како и на терен.

Во периодот од 1 Јануари до 31 Декември 2020 година преку програмата наменета за превенција на ХИВ помеѓу Сексуалните работници вкупно се остварени следните резултати:

- Опфатени се вкупно **1.659** индивидуални СР, реализација на индикатор од **90%** од поставениот таргет 1.853 СР.
- Опфатени се вкупно **181** Нови СР, што претставува **140%** остварување на индикаторот поставен на 129 Нови СР.
- Поделени се вкупно: **145.894** Кондоми, **54.707** Лубриканти и **15.030** ИЕК материјали,

Дополнително во рамки на проширениот пакет на услуги наменети за оваа целна популација дадени се вкупно: Социјални услуги: 8.862, Психолошки услуги: 12, Правни Услуги: 9, разни услуги во дневен центар: 4.464, разни услуги на терен: 2.181.

Според бројките од програмското остварување во оваа пандемска година организациите ангажирани во имплементација на оваа програма успешно се справија со потешкотиите настанати со рестрикциите воведени во поголемиот дел од 2020 година и постигнаа солидни резултатати во остварување на индикаторите. Исклучок е организацијата од Гостивар која и во оваа програма забележува сериозен пад во остварување на зададените програмски цели.

**Графикон 3**. Вкупен број на опфатени СР по организација.




| | НВО ИЗБОР - Гевгелија | НВО ИЗБОР - Струмица | НВО Опција - Охрид | НВО ХЕЛП Гостивар | НВО ХОПС - Скопје | НВО Стар-Стар | НВО ВИА-ВИТА - Битола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Таргет | 121 | 489 | 243 | 555 | 203 | 111 | 132 |
| Остварување | 131 | 422 | 263 | 337 | 219 | 136 | 151 |

**<u>Превенција на ХИВ помеѓу МСМ (Мажи кои имаат секс со мажи)</u>**

-Програмата за превенција на ХИВ помеѓу МСМ популацијата веќе подолго време се имплементира кај нас а како основен пакет на услуги преку кој се бројат сите опфатени МСМ клиенти е пакетот кој содржи: Кондом, Лубрикант и ИЕК материјал. Како една од главните елементи во опфатот на МСМ се смета и советувањето кое се дава преку интернет. Услугите наменети за членовите на оваа целна популација моментално се даваат во 5 различни градови низ државата (Скопје преку двата центри, Тетово-теренски, Охрид-теренски, Штип-теренски и Струмица). Од проширениот пакет на услуги исто така се нудат и услугите: врсничка едукација, Психолошки услуги, Услуги во дневен центар (вклучително и филмските вечери) и др.

Во текот на овој период на известување остварени се следните програмски резултати:

- Вкупно опфатени: **3.590 МСМ** клиенти, реализација од **72%** на поставениот квартален таргет од вкупно **5.000** МСМ.

- Опфатени се вкупно **781** Нови МСМ, што е остварување од **98 %** на поставениот таргет од **800** МСМ.

- Опфатени се вкупно **1.263** МСМ преку Интернет советување, реализација од **105%** на таргетот поставен на **1.200** МСМ.

- Дистрибуирани се вкупно: **27.182** Кондоми, **11.889** Лубриканти и **6.774** ИЕК материјали.

Дополнително членовите на оваа целна популација ги добиле и следните услуги од проширениот пакет: Врсничка едукација:**81** , Психолошки услуги: **348**, Услуги во дневен центар (вклучително и Филмски вечери) **783**, ХИВ Тестирања :**147** и др.

Најголемо намалување на опфатот на клиенти се бележи кај МСМ популацијата која достигна само до 72% остварување додека кај ново опфатените клиенти индикаторот е речиси целосно оставрен. Рековме дека поради рестрикциите на движењето заради состојбата со КОВИД 19 и намалената фреквенција на МСМ популацијата намалениот опфат директно се одразува и во програмското остварување кај оваа целна популација.

**Графикон 4.** Опфат на МСМ.




## <u>Програма за Доброволно Советување и Тестирање за ХИВ помеѓу клучни популации (ЛИД,СР,МСМ,Млади)</u>

-Во однос на програмата за Доброволно ХИВ советување и тестирање на клучни популации како основен пакет се зема: Пред-тест советување за ХИВ, ХИВ Тестирање и Пост-тест советување но сепак како столб на овој пакет на услуги се смета ХИВ Тестирањето, значи доколку еден клиент добие ХИВ тестирање автоматски се брои

како опфатен клиент. Освен тоа за сите лица кои учествуваат во целиот процес на ХИВ тестирање се даваат исто така и Кондоми, Лубриканти и ИЕК материјали.

Со теренското комбе се покриени следните градови: Скопје, Куманово, Штип, Велес, Струмица, Кавадарци, Прилеп, Битола, Охрид, Гостивар. Во оваа програма следиме број на лица опфатени со ХИВ тестирање и советување како и вкупен број ХИВ тестирања направени.

Додека стационарно ХИВ Тестирање и советување кај граѓански организации се нуди во: Скопје (ХОПС, ЕГАЛ, Заедно Посилни и ХЕРА-Младинските Центри), Гостивар (ХЕЛП), Охрид (Опција) и Битола (Виа Вита).

Во текот на овој период на известување постигнати се следните резултати:

-Опфатени се вкупно **574 ЛИД** со ДСТ ХИВ советување и тестирање,**72%** реализација на таргет поставен на **800** ЛИД.

-Опфатени се вкупно **539 СР** со ДСТ ХИВ советување и тестирање, што е **54%** остварување на таргетот поставен на **1.000** СР.

-Опфатени се вкупно **1010 МСМ** со ДСТ ХИВ советување и тестирање, **67%** остварување на таргет поставен на 1.500 МСМ.

-Опфатени се вкупно **238 Млади и ОП** со ХИВ советување и тестирање, **60%** остварување на таргет поставен на 400 Мл и ОП.

Дополнително во овој период поделени се вкупно: **5.994** Кондоми,**3.811** Лубриканти и 1.364 ИЕК материјали.

Притоа биле детектирани 11 реактивни резултати на тестовите и овие лица биле поврзани со Клиниката за инфективни болести за потврда на дијагнозата.

Лесно се забележува дека ХИВ-ДСТ програмата е најпогодена во однос на опфатот на целните популации со ХИВ советување и тестирање. Една од главните причини е наведена ситуцаијата со КОВИД 19 каде што значително е зголемен стравот кај членовите на целните популации да пристапат кон ХИВ тестирање во ДСТ теренското возило, Младинските Центри или пак во некоја од јавно здравствените установи.

**Графикон 5.** ХИВ тестирања според клучни популации




| | ЛИД | СР | МСМ | Млади |
|---|---|---|---|---|
| Таргет | 800 | 1000 | 1500 | 400 |
| Остварување | 574 | 539 | 1010 | 238 |

**<u>Програма за Сексуално и Репродуктивно Здравје-СПИ Тестирање и Дијагноза помеѓу клучни популации (ЛИД,СР и МСМ)</u>**

Во програмата за Сексуално и Репродуктивно Здравје или СПИ советување и тестирање на клучни популации како рамка или основен пакет на услуги се смета протоколот за тестирање: **Пред-тест советување за СПИ, СПИ Тестирање и Пост-тест советување.** Но во оваа програма од исклучителна важност се услугите и од проширениот пакет на услуги кои секако се евидентираат и се бројат како и услугите како такви и нивните приматели односно членовите на целните популации. Исто како и во ДСТ програмата и тука за сите лица кои учествуваат во целиот процес на СПИ тестирање се даваат Кондоми, Лубриканти и ИЕК материјали. Спроведувањето на СПИ Тестирањето или пак давањето на СРЗ услугите се врши на два начина и тоа преку теренското комбе наречена Мобилна Гинеколошка Клиника и Стационарно во двата Младински Центри раководени од ХЕРА.

Со теренското комбе се покриени следните градови: Куманово, Битола, Охрид, Гостивар и Прилеп.

Додека стационарно СПИ Тестирање и СРЗ услуги се даваат во рамките на Младинските Центри: Сакам да знам во Шуто Оризари и Водно во Скопје.

Во оваа програма се следи вкупниот број на клиенти опфатени со услуги како и бројот на Лица опфатени со СПИ Тестирања и Советувања.

Во текот на овој период на известување постигнати се следните резултати: Клиенти опфатени со **СРЗ Услуги**

-Опфатени се вкупно **155 ЛИД** со СПИ советување и тестирање или услуга, **194%** реализација на таргет поставен на 80 ЛИД.

-Опфатени се вкупно **462 СР** со СПИ советување и тестирање или услуга, што е **80%** остварување на таргетот поставен на 580 СР.

-Опфатени се вкупно **264 МСМ** со СПИ советување и тестирање или услуга, **165%** остварување на таргет поставен на 160 МСМ.

-Опфатени се вкупно **462 Млади** со СПИ советување и тестирање или услуга,**92 %** остварување на таргет поставен на 500 Млади.

Дополнително во овој период поделени се вкупно: **7.799** Кондоми, **3.132**Лубриканти и 1.**465** ИЕК материјали.

Во текот на овој период на известување постигнати се следните резултати: Клиенти опфатени со **СПИ Тестирања и советување:**

-Опфатени се вкупно **42 ЛИД** со СПИ советување и тестирање,

-Опфатени се вкупно **43 СР** со СПИ советување и тестирање,

-Опфатени се вкупно **48 МСМ** со СПИ советување и тестирање,

-Опфатени се вкупно **44 Млади** со СПИ советување и тестирање,

**Графикон 6**. Опфатени лица со СПИ тестирања или СРЗ услуги.




**<u>Програма за Психосоцијална поддршка на Лица кои Инјектираат Дроги (ЛИД)</u>**

•Програмата за психосоцијална поддршка на ЛИД спроведувана од ГО Доверба-Скопје веќе подолго време се имплементира кај нас а како основен пакет на услуги преку кој

се бројат сите опфатени клиенти е пакетот кој содржи: едно од трите елементи на советување (Советување на ЛИД-Терен, Психосоцијално пред-третманско советување на Клиент-ЛИЧНО, учество во Психосоцијалниот клуб) , Кондом и ИЕК материјал.

Во текот на овој период на известување остварени се следните програмски резултати:

- Вкупно опфатени: **547** клиенти, реализација од **182**% на поставениот квартален таргет од вкупно 300 ЛИД.
- Опфатени се вкупно **233** Нови ЛИД, што е остварување од **233%** на поставениот таргет од 100 ЛИД.
- Клиенти кои го посетиле Психо-социјалниот клуб: **151** претставува реализација од 101%
- Дистрибуирани се вкупно:16.057 Кондоми и 4.086 ИЕК материјали.

Дополнително, 22 учества реализирани во креативните работилници, 108 клиенти учествувале во групите за Само-помош и др.

Во оваа програма се забележува одлична реализација на поставените таргети оваа година каде што речиси сите главни програмски индикатори се остварени. Имајќи во предвид дека се работи за организација составена од самата целна заедница поради ситуацијата со пандемијата најголемиот дел од активностите ги пренасочија во теренски активности каде што се неколку нивни иновативни мерки и заложби меѓу другото успеале да обезбедат пакети со храна за нивните клиенти кои се сметаат за социјално загрозени лица.

**Графикон 7. Опфат на ЛИД со Психо-соц поддршка.**




**<u>Програма за психо-социјална поддршка на Лица кои Живеат со ХИВ (ЛЖХИВ)</u>**

Во програмата за психосоцијална поддршка на ЛЖХИВ имплементирана од ГО Заедно Посилни-Скопје, основниот пакет на услуги според кој се бројат сите опфатени клиенти претрпе измена со кој главниот фокус се става на Советувањето за ЛЖХИВ.

Со новиот пакет на услуги еден клиент ќе се смета за опфатен доколку во даден период за известување добил:-**Врсничко советување - ЛЖХИВ**, или една од услугите/учество во -Советување со социјален работник/психолог

-Социотераписки и психотераписки групи, обуки и работилници

-Група за поддршка на лица што живеат со ХИВ

-Обука/работилница за јакнење на лица што живеат со ХИВ

Исто така важно е да се истакне и тесната соработка со советувалиштето во рамките на Клиниката за Инфективни Болести каде што членовите на оваа целна популација вклучително и нивните членови на семејства, партнери, блиски и слично добиваат разни услуги освен услугите за психосоцијалната поддршка.

Во текот на овој период на известување остварени се следните програмски резултати:

- Вкупно опфатени ЛЖХИВ: **124** ЛЖХИВ со врсничко советување, **103%** на поставениот квартален таргет од вкупно 120 ЛЖХИВ.
- Нови опфатени ЛЖХИВ: **46** ЛЖХИВ, **115%** на поставениот квартален таргет од вкупно 40 ЛЖХИВ.
- Поделени вкупно: 640 Кондоми, 420 Лубриканти и 2300 ИЕК Материјали.

И во оваа програма се забележува успешна реализација на програмските цели особено ако се земат во предвид условите за работа во речиси цела 2020 година. Сем редовните програмски активности вреди да се спомне и мошне успешната кампања организарана од Заедно Посилни по повод 1 Декември.

**Табела 1.** Податоци за опфатот на ЛЖХИВ во 2020 година.

| ЛЖХИВ програма-Програмско остварување во 2020 година | | | |
|---|---|---|---|
| Заедно Посилни | Годишен Таргет 2020 | Програмско Остварување | % |
| Број на НОВИ лица кои живеат со ХИВ опфатени со Психо-Социјална Поддршка. | 40 | 46 | 115% |
| ВКУПНО лица кои живеат со ХИВ опфатени со Психо-Социјална Поддршка. | 120 | 124 | 103% |
| Број на дистрибуирани Кондоми | 3600 | 640 | 18% |
| Број на дистрибуирани Лубриканти | 1800 | 420 | 23% |
| Број на ХИВ Тестирања остварени | 100 | 112 | 112% |

Според Европскиот центар за превенција и контрола на болести и на европската

канцеларија на СЗО, во 2019 на европскиот континент се регистрирани повеќе од 136 илјади случаи на ХИВ, од кои 80 отсто во источниот дел на континентот.

Во регионот на источна Европа во последната деценија бројот на нови случаи на инфекција со ХИВ е зголемен за 19 проценти, а се смета дека има голем број на неоткриени случаи.

Во Западна Европа, во истиот период, бројот на новозаразени е опаднат за 9 проценти.

Различен е и начинот на пренесување на заразата. Додека во Западна Европа најчеста причина за пренесувањето е сексуалниот однос меѓу мажи, во источна Европа ХИВ се пренесува преку хетеросексуални односи и интравенозно користење дрога.

Особено проблематично е што околу половината од новооткриените случаи биле пријавени во доцната фаза на инфекцијата „кога имунолошкиот систем веќе ослабува“.

- Глобална статистика за ХИВ
  - 38,0 милиони луѓе на глобално ниво живеат со ХИВ до декември 2019 година,
  - 36,2 милиони возрасни,
  - 1,8 милиони деца (0–14 години),
  - 1,7 милиони луѓе се новоинфицирани со ХИВ во 2019 година,
  - 690 000 луѓесе починати од болести поврзани со СИДА во 2019 година,
  - 75,7 милиони луѓе се заразени со ХИВ од почетокот на епидемијата до крајот на 2019 година,
  - 26 милиони луѓе се на антиретровирусна терапија од почетокот на епидемијата до јуни 2020 година,
  - 32,7 милиони луѓе се починати од болести поврзани со СИДА од почетокот на епидемијата  до крајот на 2019 година,
  - Околу 7,1 милиони луѓе не знаеле дека живеат со ХИВ, односно ново пријавените ХИВ дијагнози во 2019 година се дијагностицирани во доцната фаза на инфекцијата. 81% од сите луѓе што живеат со ХИВ го знаеле својот статус на ХИВ.
- Нови ХИВ инфекции
  - Новите инфекции со ХИВ се намалени за 40% од врвот во 1998 година. Во 2019 година, околу 1,7 милиони луѓе се ново заразени со ХИВ, во споредба со 2,8 милиони луѓе кои биле заразени во 1998 година.
  - Од 2010 година, новите инфекции со ХИВ се намалени за 23%, од 2,1 милиони на 1,7 милиони во 2019 година.
  - Од 2010 година, новите инфекции со ХИВ кај децата се намалени за 52%, од 310 000 во 2010 година на 150 000 во 2019 година.
- Смртни случаи поврзани со СИДА

- Смртните случаи поврзани со СИДА се намалени во 2019 се намалени за 60% од врвот во 2004 година.

- Во 2019 година, околу 690 000 луѓе починале од болести поврзани со СИДА ширум светот, во споредба со 1,7 милиони луѓе кои починале во 2004 година и 1,1 милиони починати во 2010 година.

- Смртноста поврзана со СИДА е намалена за 39% од 2010 до 2019 година.

- Секоја недела, околу 5500 млади жени на возраст од 15-24 години се заразуваат со ХИВ.

- Во субсахарска Африка, пет од шест нови инфекции кај адолесценти на возраст од 15-19 години се меѓу девојчиња. Младите жени на возраст од 15-24 години имаат двојно поголема веројатност да живеат со ХИВ отколку мажите.

- Од сите нови ХИВ инфекции во 2019 година, 48 % се жени и девојчиња. Во Субсахарска Африка, жените и девојчињата учествуваат со 59% од сите нови ХИВ инфекции.

- Во 2019 година, 81% од луѓето што живеат со ХИВ го знаеле својот статус на ХИВ и имале пристап до антиретровирусна терапија (АРТ). Позитивните на ХИВ кои добивале антиретровирусен третман, каи 88%  терапијата била успешна.

- Ризикот од стекнување со ХИВ е:

- 26 пати повисока кај геј мажите и другите мажи кои имаат секс со мажи.
- 29 пати повисока кај луѓето кои инјектираат дрога.
- 30 пати повисока за сексуалните работнички.
- 13 пати повисока за трансродовите лица.

Политичката декларација за надзор над ХИВ/СИДА трансмисија од UNAIDS од 2012 - 2020 година, како и Националната стратегија за борба против ширењето на ХИВ/СИДА во Република Северна Македонија за периодот 2012 – 2020 година, предвидува цели и заложби за елиминација и постојано намалување на бројот на новопријавени случаи на инфекција и смртни случаи, поврзани со ова заболување, односно спроведување на девизата:**"Getting to zero - “Faster, Smarter, Better “**, која треба да се оствари  преку:

- Намалување на трансмисија на ХИВ меѓу населението.

- Елиминација на стигматизацијата и дискриминацијата на лица со ХИВ.

- Намалување на смртни случаи поврзани со ХИВ.

- Превенција на ширење на ХИВ меѓу лица кои интравенски инјектираат дрога.

- Спречување на смрт од ТБ, како коинфекција со ХИВ.

- Намалување на јазот меѓу богатите и сиромашните држави, околу нивната финансиска инвестиција за превенција на ХИВ трансмисија.
- Елиминација на половата нееднаквост поврзано со трансмисија и лекување на ХИВ.
- Елиминација на транспортни рестрикции за лицата кои се ХИВ инфицирани.
- Зајакнување на интеграцијата на лицата кои живеат со ХИВ во земјите.

**АКТИВНОСТИ НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија согласно Програмата за заштита на населението во Република Северна Македонија од Синдромот на стекнат недостаток на имунитет - СИДА во 2020 година и препораките на СЗО за спроведување на активности за превенција на ширење на ХИВ/СИДА, континуирано ја следеше состојбата со движењето на ХИВ/СИДА во Република Македонија и во светски рамки.

Активноста на Институтот за Јавно Здравје се огледаше во организирање, координирање и директно учество во спроведување на активностите предвидени со Програмата и пружање на стручно - методолошка помош на епидемиолошката служба на територијата на Република Северна Македонија, преку давање на стручни упатства и толкување на препораките на СЗО.

Исто така, континуирано вршеше стручен и епидемиолошки надзор во здравствените установи во државата.
Мерките и активностите предвидени со Програмата во 2020 година интензивно и континуирано се спроведуваа во текот на целата година и тоа особено во поглед на:

- Изготвување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДАС за 2019 година.
- Изготвување на Предлог Програма за заштита на населението од Синдромот на стекнат недостаток на имунитет за 2021 година;
- Изготвување на Информација од страна на Институтот за Јавно Здравје за одржување на здравствено воспитни предавања на теренот, движење на ХИВ/СИДА во Светски рамки, по повод 1-ви Декември светски ден на борба против СИДА – та во 2020 година;
- Во текот на 2020 година одржувани се постојани контакти со јавните гласила и медиуми, дадени интервјуа и водени разговори со новинари од јавните гласила, а по повод одбележувањето на 1-ви Декември светскиот ден на борба против СИДА-та, како и континуирано запознавање на пошироката јавност со состојбата со ова заболување во светот и нашата земја.
- Во склоп на спроведување на основните начела на Програмата, спроведувана е континуирана кореспонденција со ЦЈЗ, дадени се појаснувања на епидемиолошката служба на теренот во врска со спроведувањето на

Програмата, бројот на регистрирани случаи на ХИВ/СИДА и истите презентирани се по повод 1 ви Декември.

- Воспоставените контакти со Канцеларијата на СЗО во Скопје, продолжија и во 2020 година, со размена на информации, пополнување на прашалник за движењето на сексуално преносливите заболувања во Република Северна Македонија и ХИВ/СИДА и новини во светските искуства поврзани со лекување и епидемиолошки надзор над ХИВ.

- Во 2020 година продолжија контактите со Европскиот Центар за епидемиолошки мониторинг на СИДА (ECDC) во Стокхолм, Шведска. Кореспонденцијата со нив се одвиваше континуирано, при што е доставен Годишен извештај за 2020 г. за состојбата со бројот на лицата кои живеат со ХИВ/СИДА во Република Северна Македонија, во вид на шифрирана документација и евиденција за состојбата со ова заболување во периодот 1987 – 2020 година.

- Анализирани и евалуирани се пристигнатите материјали од СЗО и Европскиот центар за епидемиолошки мониторинг за СИДА (ECDC), за движењето на ХИВ/СИДА во светот, околните држави, како и мерките и активностите кои се превземаат на светско ниво за нејзино понатамошно следење.

- Во текот на 2020 година на Одделението за вирусологија при ИЈЗ со техниките CLIA, ELFA I ELISA направени се вкупно 1515 тестирања за ХИВ, од нив 6 се позитивни. Позитивните примероци се конфимирани со Western Blod HIV ½, добиени се следните резултатаи: 3 позитивни и 3 негативни.

## 1. ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ БИТОЛА

ЈЗУ Центар за јавно здравје- Битола своите активности за заштита на населението од ХИВ/СИДА ги спроведуваше согласно ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА.

Во ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 се спроведени 25 доброволни, доверливи советувања и тестирања и тоа 15 кај лица од машки пол и 10 кај лица од женски пол.



**Графикон 8.** *Возрасна дистрибуција на лицата кои беа анонимно советувани и тестирани за ХИВ/СИДА во 2020 година во ЈЗУ Центар за јавно здравје- Битола*

Сите горенаведени лица беа советувани и тестирани во Советувалиштето наменето за доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ/СИДА кое се наоѓа во склоп на Одделението по епидемиологија во Битола.

Реализацијата на активностите е помала во споредба со планот и во споредба со изминатите години поради актуелната пандемија со КОВИД 19.

Дополнително во ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола земени се 1079 примероци на крв за тестирање за ХИВ кај бремени жени, за интервенција или друга потреба, надвор од програмата за анонимно доброволно и доверливо тестирање. Во Табела бр.1 се прикажани бројот на земени материјали за ХИВ во 2020 година според место на живеење на пациентите:

**Табела 2.** Земени материјали за ХИВ во 2020 година во ЈЗУ Центар за јавно здравје- Битола според место на живеење на пациентите

| Град | Бремени | Интервенции | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 589 | 181 | 29 | **799** |
| **Кичево** | 116 | 93 | 0 | **209** |
| **Д. Хисар** | 4 | 2 | 0 | **6** |
| **Ресен** | 20 | 22 | 0 | **42** |
| **Прилеп** | 13 | 8 | 0 | **21** |
| **Охрид** | 2 | 0 | 0 | **2** |
| Вкупно | **744** | **306** | **29** | **1079** |

## 2. ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ КОЧАНИ

**Табела 3.** ЦЈЗ Кочани во текот на 2020 год. ги превзеде следните мерки и активности:

| **Активности за превенција, рано откривање и поддршка со фокус на клучните популации засегнати од ХИВ** | |
|---|---|
| **Активност** | **Реализирано** |
| Бесплатно и доверливо ХИВ-тестирање и советување со користење на брзи тестови | 191 |
| Едукативни предавања за заштита од ХИВ и други крвни и сексуално преносливи инфекции (предавања во училишта, колективи, затвори) | 25 |
| Изработка и дистрибуција на едукативни материјали. | 500 флаери |
| Микробиолошка дијагностика на сексуално преносливи инфекции | 119 |
| Услуги за сексуално и репродуктивно здравје | 10 |

| | |
|---|---|
| (советувања во советувалишта на ЦЈЗ) | |

ЦЈЗ Кочани во текот на 2020 год. ги превзеде следните мерки и активности за спречување на појава и ширење на ХИВ/СИДА:

1.Во 2020 год. немаме добиено пријава за лице-а со ХИВ/СИДА во нашиот регион.

2.Во Центарот за ХИВ/СИДА во 2020 гододина, се тестирани со ХИВ- тест, вкупно 159 лица, од кои 119 со упат до Микробиологија по медицински индикации или на свое барање за свои потреби, а 40 беа советувани и тестирани во советувалиште за ДДСТ. Добиените резултати од сите тестирани лица, беа негативни.

Одржани 3 предавања за ХИВ/СИДА, од кои едно во Берово СОУ “Ацо Русковски” и по едно во Чешиново и Соколарци ОУ “Страшо Пинџур”. При тоа беа поделени 500 флаери за ХИВ/СИДА и 1200 презервативи.

## 3. ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВЕЛЕС

**Табела 4.** Табеларен приказ на квантитативни индикатори за реализација на активностите во домен на ЦЈЗ.

| **Активности за превенција, рано откривање и поддршка со фокус на клучните популации засегнати од ХИВ** | |
|---|---|
| **Активност** | **Реализирано** |
| Доброволно и доверливо тестирање и советување за ХИВ | 175 |
| Предавања за превенција на ХИВ кај лица кои издржуваат казна затвор и доброволно и доверливо тестирање за ХИВ и Спроведување на стручни предавања и превенција на ХИВ и СПИ помеѓу општа и млада популација Едукативни предавања за заштита од ХИВ и други крвни и сексуално преносливи инфекции (предавања во училишта, колективи, затвори). | 12 |
| Изработка и дистрибуција на едукативни материјали. | 0 |
| Микробиолошка дијагностика на сексуално преносливи | 0 |

| | |
|---|---|
| инфекции (не се фактурира до МЗ) | |
| Услуги за сексуално и репродуктивно здравје (советувања во советувалишта на ЦЈЗ) | 0 |

**Наративен извештај за извршените активности**

Изведени се 12 стручни предавања и тоа : 5 во п.е.Велес, 5 во п.е.Гевгелија и 2 во п.е.Кавадарци.

**Табела 5.** Вкупно тестирани

| ЦЈЗ/ПЕ | Вкупно тестирани |
|---|---|
| Велес | 55 |
| Гевгелија | 65 |
| Кавадрци | 30 |
| Неготино | 13 |
| Свети Николе | 12 |
| **Вкупно** | **175** |

Не се регистрирани позитивни лица, на направените тестови.

## 4. ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ КУМАНОВО

Согласно Програмата за заШтита на неселението од ХИВ / СИДА во 2020 година, на ниво на подрачје на Центарот за јавно здравје Куманово за остварување на целите и активностите утврдени со истата се превземаа следните мерки и активности:

- Изготвување на оперативен план и предлог програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА на подрачје на Центарот за јавно здравје Куманово со своите организациони единици Крива Паланка и Кратово.
- Следење на состојбата со ХИВ/СИДА на ниво на центарот.
- Во однос на епидемиолоШкото и серолошко испитување за откривање на случај на ХИВ/СИДА направени се 1097 серолошки анализи кај лица по клиничка, медицинска или епидемиолошка индикација и лица кои сакаат да го знаат својот ХИВ статус поради патување во други земји.

- Извршени се 5 доброволни доверливи советувања и тестирања на лицата со цел да се утврди инфекција со ХИВ вирусот.
- Направен е 1 контакт со Куманово NEWS, преку кој населението е запознаено со епидемиолошката состојба со ХИВ /СИДА како и промоција на советувалиштето за ДДСТ.

## 5. **ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ОХРИД**

Заради пандемијата со COVID 19 не се целосно реализирани целите и активностите предвидени со Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2020 година. Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид ги спроведе следните активности:

- Се организираа стручни предавања во средните училишта за превенција на ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции (2 предавања).

- Доброволно и доверливо советување и тестирање со цел да се утврди инфекцијата со ХИВ вирусот, како и поделбата на кондоми се реализира во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје во ЦЈЗ Охрид. Извршени се лабораториски испитувања на ХИВ вирусоносителство кај 20 лица со ризично однесување.
- Не се откриени ново заболени лица од ХИВ/СИДА.
- Извршени се лабораториски испитувања на ХИВ вирусоносителство кај 2042 лица со ризичнооднесување,заради операција, пороѓај или патување.

## 6. **ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – ПРИЛЕП**

Во текот на 2020 година, поради пандемијата со КОВИД-19, поголемиот дел од активностите по Програмата за ХИВ/СИДА не беа реализиран, пред се едукативниот дел. Во текот на година беа направени 10 тестирања и советувања.

Во 2020 година регистрирани се 1 нов случај на ХИВ, со што вкупната броја на инфицирани од почеток на ХИВ епидемијата изнесува 21.

Реализирани активности:

1. Изготвување на Предлог Програма за заштита на населенето од ХИВ/СИДА за територијата на ЦЈЗ Прилеп во 2020година.

2. Вршење на бесплатно и доверливо ХИВ тестирање и советување за брз скрининг.

Вкупно во текот на 2020 година беа советувани и тестирани 10 лице. Спроведено беше бесплатно тестирање и советување, при што ХИВ тест направија 10 лица, претежно млади од 18-25 години.

## 7. ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ

**Табела 6.** Табеларен приказ на квантитативни индикатори за реализација на активностите во домен на ЦЈЗ.

| **Активности за превенција, рано откривање и поддршка со фокус на клучните популации засегнати од ХИВ** | |
|---|---|
| **Активност** | **Реализирано** |
| Доброволно и доверливо тестирање и советување за ХИВ | 94 |
| Предавања за превенција на ХИВ кај лица кои издржуваат казна затвор и доброволно и доверливо тестирање за ХИВ и Спроведување на стручни предавања и превенција на ХИВ и СПИ помеѓу општа и млада популација Едукативни предавања за заштита од ХИВ и други крвни и сексуално преносливи инфекции (предавања во училишта, колективи, затвори). | 17 |
| Изработка и дистрибуција на едукативни материјали. | |
| Микробиолошка дијагностика на сексуално преносливи инфекции (не се фактурира до МЗ) | |
| Услуги за сексуално и репродуктивно здравје (советувања во советувалишта на ЦЈЗ) | 94 |

**Наративен извештај за извршените активности**

Во периодот од 01.10.-31.12.2020, извршени се вкупно 94 бесплатни ХИВ тестирања на пациенти со брз скрининг тест и 94 едукативни разговори и советувања за заштита од ХИВ и други крвни и сексуално преносливи инфекции. Предавања за превенција на ХИВ вкуно 17.

## 8. ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – СТРУМИЦА

Во текот на 2020-та година на територијата што ја опфаќа ЦЈЗ - Струмица по статистиката нема регистрирано ХИВ позитивно лице.

Здравствено - воспитни активности
Епидемиолошкото Одделение при ЦЈЗ Струмица во текот на годината поради новонастанатата ситуација со Ковид-19 не беше во можност за реализирање на Програмските задачи од оваа област при што се надеваме во иднина ке постојат услови за спроведување на сите предвидени активности.

**Табела 7.** На табелата се прикажани возрасните групи на анонимно тестираните лица во текот на 2020 година.

| ***Возрасна група*** | ***машко*** | | | | ***женско*** | | | | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Тромесечие | | | | Тромесечие | | | | |
| | I | II | III | IV | I | II | III | IV | |
| ***15 -19**** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | ***0*** |
| ***20 – 24*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | ***0*** |
| ***25 – 29*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | ***0*** |
| ***30 – 34*** | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | ***2*** |
| ***35 – 39*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | ***0*** |
| ***40 – 44*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | ***0*** |
| ***45 – 60*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | ***0*** |
| *60 +* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | ***0*** |
| ***Вкупно*** | ***0*** | ***2*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***2*** |

На табелата бр. 2 се прикажани податоците поврзани со индивидуални советувања.

***** Остварени се 2 индивидуални советувања во текот на 2020 година

## 9. <u>ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – ТЕТОВО</u>

Во ЈЗУ ЦЈЗ Тетово - Одделение по Епидемиологија, континуиорано продолжува интензивното спроведувањето на мерките и активностите насочени кон спречување и сузбивање на ХИВ/ СИДА.

**Табела 8.** План за работа по - Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА во 2021 на ЈЗУ ЦЈЗ Тетово-Епидемиологија.

| Бр. | Активности | Индикатор | Количина |
|---|---|---|---|
| Систем на епидемиолошки испитувања и надзор | | | |
| 1. | Подготовка на годишен план за работа за спроведување на Програмата | Годишен план | 2 |
| 2. | Изработка на квартални и годишни извештаи | Квартални и годишен | 4 квартални и 1 годишен извештај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | извештај | |
| Лабораториски испитувања | | | |
| 3. | Вршење на доверливо советување и тестирање на крвта (ДДСТ) со цел да се утврди инфекцијата со ХИВ вирусот | Број на извршени ДДСТ | 210 |
| Едукација на здравствени работници | | | |
| 4. | Учества на предавања, семинари, стручни состаноци, на здарвствени работници за епидемиолошката состојба, како и мерки за спречување и сузбивање на СИДА-та | Учества на предавања, семинари, стручни состаноци | 2 |
| Општи здравствено- едукативни активности | | | |
| 5. | Објава на рубрики во дневниот печат со информација за епидемиолошката состојба, совети новини и друго | Број на објавени рубрики | 5 |
| Здравствено едукативни активности помеѓу младата популација за превенција од ХИВ | | | |
| 6. | Спроведување на стручни предавања во училиштата за превенција на ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции помеѓу младата и општа популација,затвореници. | Број на одржани предавања | 15 |
| 7. | Дистрибуција на кондоми и лубриканти | Број на поделени кондоми и лубриканти | 1000кондоми, 400 лубриканти |

**Наративен извештај за извршените активности**

Направени се вкупно икробиолошки анализи за СПИ во микробиолошката лабараторија Микробиолошки лабаратории:

- Хламидија анализи – 2187, 49 позитивни.
- Гонореја – 2527, сите негативни.
- ХИВ – 1744, сите негативни.
- Луес – 1, негативен.

**Вкупно**: 6459 микробиолошки анализи.

**<u>ПЕ ТЕТОВО ПЕ Гостивар</u>**

**Наративен извештај за извршените активности**

Одржани се 3 предавања во Средно Општинско Медицинско училиште во Гостивар.

Направени се вкупно 3985 микробиолошки анализи за СПИ во микробиолошката

лабораторија во Гостивар.

Микробиолошка лабораторија Гостивар

- Хламидија - 1594 анализи (8 позитивни резултати)
- Гонореја - 1934 анализи (сите негативни)
- ХИВ – 457 анализи (сите негативни)
- Сифилис - 0

**Вкупно: 3985**

**10. ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – ШТИП**

Програмата на СЗО и Националната Програма за заштита на населението во Република Северна Македонија од Синдромот на стекнат недостаток на имунитет-СИДА,ги опфаќа следните мерки и активности:

- епидемиолошки испитувања и надзор;
- лабораториски испитувања;
- едукација и информирање на здравствените работници;
- превентивни мерки, насочени кон останатото население, посебно загрозените и ризични групи на население, преку спроведување на мерки и активности за здравствено воспитание.

**Табела 9.** Табеларен приказ на квантитативни индикатори за реализација на активностите во домен на ЦЈЗ

| **Активности за превенција, рано откривање и поддршка со фокус на клучните популации засегнати од ХИВ** | |
|---|---|
| **Активност** | **Реализирано** |
| Доброволно и доверливо тестирање и советување за ХИВ | 7 |
| Предавања за превенција на ХИВ кај лица кои издржуваат казна затвор и доброволно и доверливо тестирање за ХИВ и Спроведување на стручни предавања и превенција на ХИВ и СПИ помеѓу општа и млада популација Едукативни предавања за заштита од ХИВ и други крвни и сексуално преносливи инфекции (предавања во училишта, колективи, затвори). | 2 |
| Изработка и дистрибуција на едукативни материјали. | 0 |
| Микробиолошка дијагностика на сексуално преносливи инфекции (не се фактурира до МЗ) | |
| Услуги за сексуално и репродуктивно здравје | 12 |

| | |
|---|---|
| (советувања во советувалишта на ЦЈЗ) | |

**Наративен извештај за извршените активности**

Според програмата за заштита на населението во Република Северна Македонија од ХИВ инфекција за 2020 година, од ЈЗУ ЦЈЗ Штип одржани се две предавања на тема ”Превенција од ХИВ/СИДА״ на ден 05.02.2020 година во училиштето СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип. На предавањето е презентирана моменталната состојба со ХИВ инфекцијата во земјата, што е ХИВ инфекцијата, што е болеста СИДА, за начините на трансмисија и начинот на превенција. Нагласена е задолжителната употреба на презервативи при секој сексален однос, како најризичен метод на трансмисија во нашата земја.

**<u>ЦЈЗ ШТИП, ПЕ Пробиштип</u>**

**Пријавени случаи на СИДА**

Во периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година, во Центарот за Јавно Здравје-Штип, ПЕ Пробиштип има пријавено еден нов случај на заболен од СИДА.

Од појавата на СИДА до сега пријавени се два случаи на заболени од СИДА, од кои еден починат.

Пријавени ХИВпозитвни случаи.

Во периодот 01.01.2020 година до 31.12.2020 година, нема пријавено нов случај на ХИВ-позитивен.

Од појавата на оваа болест до сега има пријавено вкупно еден случај на ХИВ позитивен.

Од 1987 година, кога е регистриран првиот случај во Република Северна Македонија, заклучно со 31.12.2020 година во Пробиштип вкупно се пријавени 3 лица со ХИВ/СИДА од кои 2 болни од СИДА а 1 ХИВ позитивни. Две лица се починати.

**Здравствено-воспитни и образовни активности**

Согласно Програмата на СЗО и Програмата за заштита на населението на Р.Македонија од Сида, епидемиолошката служба од ПЕ Пробиштип не ги направи здравствено воспитни атівности, поради состојбата со Ковид 19 во 2020 година.

## ХИВ тестови изработени во 2020 година во Здравствени установи во Република Северна Македонија.

**Табела 10.** ХИВ тестови изработени во 2020 година во Здравствени установи во Република Северна Македонија.

| *ХИВ тестови изработени во 2020 година во Здравствени Установи во Република Северна Македонија* | *Вкупно* |
|---|---|
| *ЦЈЗ Битола* | ***1104*** |
| *ЦЈЗ Куманово* | ***1097*** |
| *ЦЈЗ Скопје* | ***94*** |
| *ЦЈЗ Тетово* | ***1744*** |
| *ЦЈЗ Штип* | ***1088*** |
| *ЦЈЗ Охрид* | ***2042*** |
| *ЦЈЗ Кочани* | ***191*** |
| *ЦЈЗ Прилеп* | ***1135*** |
| *ЦЈЗ Струмица* | ***359*** |
| *ЦЈЗ Велес* | ***175*** |
| *Институт за Јавно здравје на Република Северна Македонија* | ***1515*** |
| *Клиника за Инфективни заболувања и фебрилни состојби* | ***1854*** |
| *Градска Општа Болница "8 Септември" - Скопје* | ***3366*** |
| *КБ Аџибадем Систина – Скопје* | ***8192*** |
| *Институт за Клиничка биохемија при Медицински Факултет* | ***2597*** |
| *Дијагностика Фармахем – Скопје* | ***27*** |
| *РЕМЕДИКА - Скопје* | ***4182*** |
| *"Болница Плодност" - Битола* | ***1066*** |
| *СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА "ДИАМЕД" - СКОПЈЕ* | ***250*** |
| **Вкупно** | **32.078** |

Податоците се добиени преку писмен допис или е – mail информација/ порака, од сите горенаведени институции, кои спроведуваат ХИВ тестирање во нивните лаборатории.

## Кумулативни Податоци

Република Северна Македонија е земја со ниска преваленца на ХИВ, од 1987 до крај на 2020 се регистрирани 504 случаи на ХИВ. Оваа година, поради пандемијата со КОВИД-19, целата програма се спроведува во вонредна состојба којашто директно влијае во трендот на нови ХИВ случаи (Графикон 1).




**Графикон 9.** Број на новорегистрирани случаи на годишно ниво од 1987 до 2020

Кумулативно, од регистрираните случаи 448 (88,9%) се од машки пол, а 56 (11,1%) се од женски пол. Високото пропорционално учество на машки лица во бројот на новорегистрирани случаи е тренд во изминатите 15 години (Графикон 2).




**Графикон 10.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по пол во период од 1987-2019




**Графикон 11.** Процентна застапеност на случаи на ХИВ/СИДА по пол во период од 1987-2020

Медијаната возраст на регистрирани случаи кога била поставена дијагнозата е 39 години (просек 39,5 години опсег од 0-84 години). Дистрибуцијата по возраст укажува дека најзафатени се сексуално активни лица на возраст од 20-39 години кои чинат речиси три четвртини од дијагностицираните случаи (74,6%, n=376). На млади на возраст од 15-19 години отпаѓаат помалку од 2% (Графикон 3).




**Графикон 12.** Дистрибуција според возраст случаи на ХИВ/СИДА, 1987-2020

Кумулативно, најголем број од случаите се со место на живеење во Скопје (n=241) каде инциденцата е 39,9 на 100.000 жители, додека највисока нциденца на 100.000 жители е регистрирано и во Штип (49,4/100.000) (графикон 4, картограм 1).




**Картограм 1.** Кумулативна географска дистрибуција на регистрираните случаи на ХИВ/СИДА во Р.С. Македонија, период 1987-2020




**Графикон 13.** Дистрибуција на случаи според место на живеење, број и нциденца на 100.000 жители, 1987-2020

Во периодот од 1987 до 2020 година, вкупно 112 од дијагностицираните лица во Република Северна Македонија починале поради причини поврзани со СИДА, што претставува стапка на смртност од 22,2%. Со воведувањето на антиретровирусната терапија, преживувањето на лицата кои живеат со ХИВ е значително подобрено, во последните 10 години од 367 регистрирани случаи регистрирани се 35 смртни случаи што претставува стапка на смртност од 9,5% .




**Графикон 14.** Дистрибуција на случаи по година на дијагноза и смрт од причини поврзани со ХИВ/СИДА во Р.С. Македонија период 1987-2020 година

**Табела 11.** Начин на трансмисија на лицата со ХИВ/СИДА, од 1987 до 2020 година.

| ***НАЧИН НА ТРАНСМИСИЈА НА ЛИЦАТА СО ХИВ/СИДА*** | ***ВКУПНО*** | ***ПРОЦЕНТ*** |
|---|---|---|
| *МСМ* | 294 | 58 % |
| *ХЕТЕРОСЕКСУЛЕН ПАТ НА ПРЕНОС* | 175 | 35 % |
| *ИНТРАВЕНСКИ КОРИСНИЦИ НА ДРОГА* | 12 | 3 % |
| *НЕПОЗНАТ НАЧИН НА ПРЕНОС* | 11 | 2 % |
| *ОД МАЈКА НА ДЕТЕ* | 6 | 1 % |
| *ХЕМОФИЛИЧАРИ* | 6 | 1 % |
| ***ВКУПНО*** | ***504*** | ***100 %*** |

Кумулативно според начинот на трансмисија, најголем број од случаите (294; 58%) се кај мажи кои имале секс со маж, хетеросексуалниот начин на пренос е регистриран кај 175 случаи (35%), лица кои инјектираат дроги учествуваат со 3 % (n=12), а по 6 случаи (1%) се регистрирани кај лица со хемофилија (последниот пред 17 години) и вертикален пренос од мајка на дете (Графикон 7).




**Графикон 15.** Дистрибуција на случаите на ХИВ според начин на трансмисија, 1987-2019

Слично како и во останати земји од европскиот регион [3,4,5], во Македонија геј и другите мажи кои имаат секс со мажи се изложени на поголем ризик од ХИВ инфекција, во последните 5 години 75,3% од регистрираните случаи се кај мажи кои имале секс со мажи (Графикон 8).




**Графикон 16.** Дистрибуција на случаите на ХИВ според начин на трансмисија, 1987-2020

## Состојба со ХИВ во Република Северна Македонија во 2020 година

Во 2020 се регистрирани 32 нови случаи на ХИВ/СИДА, што претставува инциденца од 1,5 на 100.000 жители. Бројот на случаи во 2020 година е помал од 2019, намален е за 48% споредено со 2019 година кога беа регистриран 66 случаи.

Вкупната инциденца на ХИВ во 2020 година (1,5/100.000) е под просекот за земјите на ЕУ/ЕЕА каде стапката на нови дијагнози во 2018 била 5,6/100.00 [2]

Во 2020 година од регистрираните случаи, 32 и сите се од машки пол.

Возраста на случаите регистрирани во 2020 година се движи од 22 до 61 години и не отстапува значително од возрасната дистрибуција на досега пријавените случаи. (Графикон 10).




**Графикон 17.** Дистрибуција според возраст новооткриени случаи на ХИВ во 2020 година

**Табела 12.** Возрасни групи на лицата со ХИВ/СИДА во 2020 година

| ***Возрасна група*** | **ХИВ/СИДА во 2020 година** |
|---|---|
| ***20-24*** | 3 |
| ***25-29*** | 7 |
| ***30-34*** | 6 |
| ***35-39*** | 6 |
| ***40-44*** | 2 |
| ***45-49*** | 5 |
| ***50-54*** | 2 |
| ***60-65*** | 1 |
| ***Вкупно*** | **32** |

**Начин на трансмисија на лицата со ХИВ/СИДА во 2020 година**

- Хетеросексулен начин на пренос на ХИВ - 4
- МСМ – 28




**Графикон 18.** Дистрибуција на случаите на ХИВ според начин на трансмисија во 2020 година

Според географската дистрибуција во 2020 година, речиси половина (n=23) се со место на живеење во Скопје, каде инциденцата е 3,7/100.000 жители, во Штип се пријавени 3 случаи (5,7/100.000), 2 случаи во Делчево и по 1 случаи се регистрирани и во Прилеп, Битола, Богданци и Пробиштип.

**Табела 13.** Географска дистрибуција во 2020, инциденца и кумулативна инциденца

| ЦЈЗ/ПЕ | Број на случаи 2020 | Инциденца на 100.000 - 2020 | Вкупно | Кумулативна инциденца /100.000 |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 23 | 3,7 | 241 | 39,0 |
| **Штип** | 3 | 3,7 | 26 | 49,4 |
| **Делчево** | 2 | 8,3 | 5 | 20,8 |
| **Битола** | 1 | 1,0 | 16 | 15,7 |
| **Прилеп** | 1 | 1,0 | 23 | 24,1 |
| **Богданци** | 1 | 11,5 | 3 | 34,5 |
| **Пробиштип** | 1 | 5,7 | 5 | 32,7 |

**24.02.2020 год.**
**Скопје**

**Изготвиле:**
**Началник на Одделение**
**Прим. д-р Жарко Караџовски**

**Ж. Цветановска**
**Спец. медицински лаб. аналитичар**

**Газменд Исмани**